# Додаток 3

## Дополнителна литература

### Коментирана библиографија

Аморим, Л., “Проверка на волонтерите кои работат со ранливи клиентни групи”, *Структура на операциона поддршка за Европскиот волонтерски сервис* (СОС), Брисел, 2000.

*Овој краток документ (десет страни) се фокусира на програмата на ЕВС но е доволно општ за да им користи и на другите видови програми на волонтерскиот сервис. Базиран е на многу разговори со експерти кои работат на тоа поле и се обидува да одговори на потребите на оние кои се одговорни за менаџирање на работите на глобално ниво.*

Асоцијација на организациите на волонтерскиот сервис, Интермедијален извештај - *Чекор по чекор кон долгорочното волонтерство,* АВСО, Брисел, 2000.

*Чекор по чекор е една од најчесто искусуваните и најуспешни мрежи во Европа чија цел е инволвирање на младите луѓе во активностите на меѓународниот волонтерски сервис. Овој меѓународен извештај дава добар увид во тешкотиите и успешните приказни што стојат зад оваа посебна мрежа. Поради тоа што отворено зборуваат за лекциите кои ги научиле уште на почеток, овој извештај е добар материјал за организациите кои сакаат да почнат со оваа особена целна група.*

Блекмен, Стефани Т., *Регрутирање на машки волонтери: водич базиран врз проучувачко истражување,* Корпорација за национален сервис, Вашингтон, 1999.

*Во оваа студија ќе најдете практични упатства за подобрување на капацитетот на вашата програма да привлекувате машки волонтери, како и информации за причините зошто мажите волонтираат и кој може да биде нивниот посебен придонес кон волонтерството. Исто така содржи добри совети за регрутирање на волонтери воопшто, без разлика дали се машки или женски.*

Брислин, Ричард, *Разбирање на културното влијание врз однесувањето,* Harcourt Brace, Fort Wroth, 1993 (ISBN 0030758971)

*Оваа е лесна за читање, но просветувачка книга за тоа што е културата и што таа прави за луѓето. Дава теорија и практични примери за влијанието на културата врз нашите секојдневни животи и врз нашите интеракции со другите.*

“Упатства за Интер-регионална волонтерска размена”, во CCIVS, *South-South: North-South Seminar,* CCIVS, Париз,1998.

*Посебни упатства за меѓународниот волонтерски сервис.*

Кук, Тим, *Избегнување на корпата за отпадоци: практичен водич за аплицирање до трастовите за грантови,* Совет на волонтерскиот сервис, Лондон, 1999 (ISBN 1872582613).

*Совет за волонтерските организации како да аплицираат до донаторите на грантови. Користи вистинити примери за да ги истакне грешките направени од волонтерските организации при аплицирањето до донаторите.*

Котон, Дејвид, *Клуч за менаџмент*, Един-, бург 1998 (ISBN 0 7135 2744 7).

*За оние кои сакаат да го зголемат своето знаење во однос на менаџментот теориски и практично. Четиринаесет поглавја се занимаваат со важни аспекти на менаџментот како што се менаџерската улога, планирање и стратегија, поставување на цели, мотивација, комуникација, итн.*

Дјуит, Џ., *Легален прирачник за волонтери*, достапен на www.ptialaska.net (26 Јануари 2000).

*Иако овој прирачник изгледа прилично легален и многу поврзан со реалноста во САД, покрева голем број на интересни прашања за спречување на кризи, така што би можел да им ги отвори очите на многу луѓе кои работат на ова поле во Европа.*

Европска комисија, “Финален извештај на работната група за спречување на ризик и менаџмент со кризи”, *Структура на оперативна поддршка за Европскиот волонтерски сервис,* Директорат Општо образование и култура, Брисел 2000.

*Овој извештај доста се фокусира на програмата на ЕВС. Сепак, примерите, упатствата за решавање на проблемите и кризите, како и структурата од мануелен тип го прават да биде добро средство за оние кои ги менаџираат активностите на волонтерскиот сервис на меѓународно ниво.*

Foller, Kurt, *Konflikte selber losen. Mediation fur Schule und Jugendarbeit,* Verlag an der Ruhr, Mulheim an der Ruhr, 1996 (ISBN 3860722204).

*Достапна книга со различни рамки и методи за тренинг на млади луѓе за да можат да се справат со нивните сопствени конфликти во училницата или младинскиот клуб. Содржи осум теми кои можат да се користат одделно на тренинг сесиите или комбинирано.*

Фајн, Ник и Макбет, Фиона, *Играње со оган. Тренинг за креативно користење на конфликтот,* Youth worker press, Лондон, 1992 (ISBN 0861551449).

*Играње со оган е потполно интегриран, лесен за користење тренинг курс. Дава една кохеретна група на методи и текстови за истражување на конфликтите во нивните различни форми и како тие влијаат врз нашите животи.*

Гаскин,К. и Смит, Џ.Д.,*Нова цивилна Европа, студија за размерот и улогата на волонтерството,* Волонтерски центар UK, Лондон, 1995.

*Добра студија за припремно читање за волонтерството. Студијата го анализираше размерот на волонтерството во десет европски земји и дава интересни податоци во тој поглед.*

Glasl, Friedrich, Konfliktmanagement: *einHandbuch fur Fuhrungskrafte, beraterinen und Berater,* Haupt, Берн, 1999 (ISBN 3258060223).

*Голем прирачник за конфликт менаџмент кој детално ја објаснува дијагностиката на конфликтот, динамиката на ескалацијата на конфликтот, и теории и методи за менаџмент со конфликти.*

Guggenberger,B., *Jugenderneuert Gemeinschaft, Freiwilligendienste in Deutschland und Europa,* Баден- Баден, 2000.

*За оние заинтересирани за понаучен пристап кон темата и за оние кои знаат германски. Во повеќе од четириесет есеи на повеќе од 700 страни различни автори покриваат широк спектар на интересни теми околу волонтерскиот сервис за млади луѓе: од вредноста на ваквите програми за општеството до улогата на владата во овој поглед.*

Хенди, Чарлс, Разбирање на волонтерските организации: Како да се направи ефикасно да функционираат, Penguin, Лондон, 1997 (ISBN 0140143386).

*По читањето на оваа книга имате впечаток дека ги разбирате волонтерските организации. Дава широк спектар на практични предлози за непрофитабилните организации да работат поефикасно и ефективно. Зборува за луѓето на работа, но исто и за структурите на организациите.*

Национален центар за волонтерство, *Сигурно и будно – добри практични совет за волонтерите кои работат со ранливи клиенти.* , NCV, Лондон, 1999.

*Овој водич, иако главно се грижи за организациите на Обединетото Кралство, има многу едноставни, но практични совети за оние кои сакаат да бидат сигурни дека нивните волонтери го имаат она што е потребно за да им ја дадат на "клиентите" вистинската "услуга".*

Мек Крли, Стив и Линч, Рик, *Есенцијален волонтерски менаџмент*, Directory of social change, Лондон, 1998 (ISBN 1900360187)

*Јасно структуиран и читлив водич за новите волонтерски менаџери кои се занимаваат со сите различни аспекти на имањето волонтер во вашата организација: мотивирање на волонтери, надзор, чување на волонтерите, односи волонтер-персонал, регрутирање и проверка, итн.*

Мизек, Бети Џ., *Менаџмент на волонтери*, Support centres international and Slovak Academic information agency, Братислава, 1994.

*Прирачник за менаџмент на волонтери.*

Пејџ, Мајкл Р., *Едукација за интеркултурно искуство,* Intercultural press, Yarmouth, 1993 (ISBN 1877864250).

*Колекција на статии базирана врз испитување смета дека можете и треба да се подготвите за долгорочен престој во странство. Тие го истакнуваат искуството на учење и фрлаат светло на прашања како што се културниот шок, интеркултурната чувствителност, крос културен тренинг и ориентација, интеркултурно прилагодување и повторно враќање.*

(Патфорд, Пат, *Искоренување на насилството: Градење ненасилство,* Cobblesmith, Woodstock, 1995 (ISBN 0891660151).

*Оваа книга објаснува со графици и дијаграми како можеме да и се спротивставиме на спиралата на ескалација на конфликт преку ненасилен пристап. Теоријата е илустрирана со примери од вистинскиот живот од интерперсонални и групни конфликти.*

Витморе, Џон, *Coaching for Performance (People Skills for Professionals),* Nicholas Brealey, Naperville- Лондон, 1996 (ISBN1857881702).

*Авторот кој го развил GROW моделот за тренирање на волонтери. Ја истакнува ва-*

*жноста на тренирањеза да се зголеми изведбата на персоналот. Може да се адаптира за волонтерскиот сервис.*

Вроблевски, Селест Џ., *Седумте "P' на волонтерскиот развој, A YMCA Resource kit,* YMCA of the USA Champaign, 1994 (ISBN 0873227565).

*Обемен прирачник кој покрива се што има врска со работата со волонтери (од перспектива на САД и YMCA). Структуирана е околу седумте "P" кои се Reflection (Рефлексија), Research (Истражување), Reading (Читање), Retention (Задржување), Recognition (Признание) и Resources (Ресурси). Многу практично средство за организациите кои се подготвуваат да примат волонтери првпат; дава вредни совети, готови формулари и упатства за организаторите на програмите на меѓународниот волонтерски сервис.*

## Коментирана вебографија

www.coe.int/youth

*Вебстраната на Директоратот за млади и спорт на Советот на Европа со информации за нивните едукативни програми, за можностите за финансирање, за меѓународната младинска политика и со многу линкови со организациите кои се занимаваат со млади во Европа.*

www.eastlinks.net

*Многу корисна страна за организациите кои бараат партнери (главно краткорочни) за проекти на меѓународниот волонтерски сервис во централна и источна Европа. Тоа е вебстраната на регионалната мрежа на организациите на МВС во оваа област.*

www.ecri.coe.int

*Веб страната на Европската комисија против расизам и нетолеранција има едукативен пакет на неформалното интеркултурно образование "online" (меѓу другите ресурси за работа со анти-расизам) која може да биде вреден извор на методи за работа со интеркултурната чувствителност на вашите волонтери.*

www.energizeinc.com

*Издавачка куќа во САД која претежно се фокусира на книги, материјали за волонтери, волонтерски менаџмент и волонтерски сервис. Не многу на меѓународната димензија на волонтерскиот сервис.*

www.etr.org/nsrc/pdfs/BBS/bbs.html
(3-3-2001)

*Станување на подобар супервизор: Водич за супервизорите во сервис на заедницата. Ова е одличен прирачник за супервизори на волонтери, достапен на PDF формат.*

www.eurodesk.org

*Еуродеск има голем број на информации за сите видови на европски можности за финансирање за различни видови на проекти. Еуродеск има европска широка мрежа на регионални информативни канцеларии од каде можете да добиете повеќе информации.*

www.europa.eu.int/comm/education/youth.html

*Оваа веб страна ве носи до МЛАДИНСКАТА програма на Европската комисија. Можете да најдете различни формулари за да аплицирате за фондови и линкови со Националните агенции кои ја имплементираат МЛАДИНСКАТА програма во различни европски земји.*

www.fundersonline.org

*Оваа веб страна нуди информации за опсегот на европските фондови и извори на грантови.*

www.idealist.org

*Нуди најмногу информации за волонтерските можности ширум светот. Организациите кои нудат места, семинари или настани кои се однесуваат на волонтерството можат да ги издаваат своите информации преку оваа веб страна (запишување "online")*

www.independentsector.org & www.ccp.ca

*Овие две веб страни се доста вредни да се посетат. Било дали сте заинтересирани за добивање на статистички информации за ситуацијата со волонтерството во Северна Америка, или општо документација за волонтерството, нема да се разочарате од овие две веб страни, тие исто имаат доста интересни линкови.*

www.movit.si/mladina/database.htm

*Податоци за младинските организации активни во југоисточна Европа, една од приоритетните области на работа на Советот на Европа и Европската комисија. Ова може да биде почеток на барање на партнер организација во таа област.*

www.sosforevs.org

*Корисни информации за организирање на Европски волонтерски сервис, како и практични информации при движење низ Европа (услови за право на живеење, потреби за виза, прашања поврзани со мобилноста, итн.).*

www.training-youth.net

*Оваа веб страна за партнерство при обука и млади меѓу Советот на Европа и Европската комисија ги има сите прирачнници “online”, како и некои извештаи за тренинг курсеви, списание за тренер “Којот” и сите видови на информации за можности за тренинг.*

www.youthforum.org

*Ова е веб страна на Европскиот младински форум која има за цел да им даде политички глас на младите луѓе во Европа преку младинските организации. Тие имаат линкови и описи на нивните членки организации кои се меѓународни невладини младински организации и национални младински совети во Европа. Тие исто така имаат различни политички текстови “online”.*